РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-5399/4
30.09 2025 год
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Ф 8.5/1-5

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи Барање наш бр. 18-5399/1, 18.09.2025г. од Здружение ИМПЕТУС Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР** на барањето наш бр. 18-5399/1, 18.09.2025г од Здружение ИМПЕТУС Скопје.

Бараните информации се доставуваат на барателот **КАКО ПРИЛОГ** акт бр. 18-5339/3, од 29.09.2025г. кон ова **РЕШЕНИЕ**.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Здружението Здружение ИМПЕТУС Скопје, достави барање на имеил на 08.09.2025г. наш.бр. 18-5339/1,18.09.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

Со барањето наш бр. 18-5339/1, 18.09.2025г. барателот бара информации од јавен карактер во врска со утврдување на локации и постапување на билборди на територијата на општината.
Информацијата се доставува со писмено акт- број 18-5339/3, од 29.09.2025г. на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина, како прилог кон решението.

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информација го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**До**

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**
**Службено лице за проследување на информации**
**Лидија Митовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-5399/3
29.09 2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**Предмет:** Достава на податоци

**Врска:** Ваш акт бр.18-5399/1 од 29.09.2025 г.

Почитувани,

До Одделението за урбанизам и заштита на животната средина имате доставено барање, со кое барате да Ви доставиме податоци по барање од Здружение ИМПЕТУС Скопје, за кое Ви ги доставуваме следните податоци:

- Општина Крива Паланка нема склучено договор за користење на билборди/ситилајти/мегаборди за рекламирање.
- Нема одредени позиции за билборди.

Со почит.

**Изготвил:** Ненад Цветановски

**Одделение за урбанизам и заштита на животната средина**
**Раководител**

**Маја Костадиновска диа.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА